РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330 СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N., 6330 STRUGË / Тел./Tel. +389 46 781 335, 781 223, 782 015, Факс/Faks 781 434
web: struga.gov.mk,
e-mail: kryetari@struga.gov.mk,
info@struga.gov.mk

Сектор: / Sektori:
Сектор за јавни дејности / Sektori për veprimtari publike
Одделение: / Njësia:
Одделение за образование и култура / Njësia për arsim dhe kulturë

До: Совет на Општина Струга

Drejtuar: Këshillit të Komunës së Strugës

Предмет: **Барање за ставање на точка на дневен ред.**

Lënda: **Kërkesë për vendosjen një pike në rendin e ditës.**

Секторот за јавни дејности Ви ја доставува следнава точка за дневен ред на седница на Советот:

Sektori për Veprimtari Publike Ju dërgon këtë pikë për rendin e ditës në seancën e Këshillit:

1. **Барање за итно обезбедување превоз на ученици за учебната 2025/2026 година.**

1.Kërkesë për sigurimin e menjëhershëm të transportit për nxënësit për vitin shkollor 2025/2026."

Со почит!

Me respekt!

За Секторот за јавни дејности
Џеми Хајредини

Për Sektorin për veprimtari publike
Xhemi Hajredini

м.п. / v.v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
Бр. 03-14/1
15-01 2025 год
с. ЈАБЛАНИЦА СТРУГА

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGES
Примено
Datë 15.01.2026
Единица | Број | Прилог | Вредност
Njësia organizative | Numri | Shtesë | Vlera
08- 314/1

До
Совет на Општина Струга

Предмет:
Барање за итно обезбедување превоз на ученици за учебната 2025/2026 година

Почитувани,

Со овој допис Ве информираме за тековната состојба во врска со обезбедувањето превоз на ученици од ООУ „Гоце Делчев“ с. Јабланица.

По завршување на V одделение учениците од с.Нерези и с.Пискупштина го продолжуваат образованието во ПУ с. Луково, каде наставата се одвива до IX одделение.

Во учебната 2025/2026 година, тројца ученици (двајца од с. Пискупштина и еден од с. Нерези) имаат потреба од бесплатен организиран превоз до ПУ с. Луково, согласно Законот за основно образование каде е утврдено дека на учениците кои живеат подалеку од 2 километри од училиштето им следува бесплатен превоз. (Закон за основно образование член 73, став1, став5).

Меѓутоа училиштето не беше во можност да склучи договор за превоз на ученици со досегашниот превозник бидејќи истиот не се согласува да врши превоз по општински утврдената цена за релацијата.

Имено, ученците во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 години на училиште доаѓаа со родител кој го носи своето дете на училиште, а дома се враќаат со редовната линија од овај регион и плаќаат билет во еден правец во износ од 100 денари.

Со оглед на тоа дека наставата за второ полугодие од учебната 2025/2026 година започнува на 20.01.2026 година и дека во моментот не постои никакво решение за обезбедување на превоз, а учениците се спречени да посетуваат настава, Ве молиме итно да интервенирате и да обезбедите соодветно решение со цел овозможување на редовно и непречено следење на наставата за учениците од наведените населени места како и паричен надомест за родителите за периодот од првото полугодие.

Ви благодариме за разбирањето и очекуваме Ваш навремен одговор и соработка.

Со почит,

ООУ „Гоце Делчев“ с. Јабланица
Директор
Марина Ојлеска